Phone:++389 34 218 421;mob:++389 70 320 421,;e-mail:dori_travel@t-home.mk ; www.dori.mk
Ul.Slobodan Mitrov Danko br.107 Gevgelija

# *Манастир Острог*

*Православниот манастир Острог спаѓа меѓу најпосетените светилишта на Балканот. Кога ќе се спомене Острог, веднаш се помислува на место на кое се случуваат чуда. Во него доаѓаат посетители од сите религии и нации, бидејќи се верува дека моштите на Свети Василие Острошки се чудотворни. Манастирот Острог, кој е врежан во карпите, основан е од митрополитот Василије во XVII век. Највпечатлив дел од манастирот е Горен Острог, каде се сместени две мали цркви: горна –посветена на Светиот Крст, и втората, посветена на Воведение на Богородица. Сместување во Долен Манастир, кој поседува 29 повеќе креветнисоби (8, 10 кревети во соба) или можност за сместување во Горниот Манастир во повеќекреветни простории со кревети на спрат, на чардак или во манастирскиот двор. Во манастирот се добива душек и ќебиња.*

**1 ДЕН : 16/05/2025**

Состанок со групата во 21:30 часот. Заминување кон Црна Гора во 22: 00ч. Се патува преку Косово, Албанија, Црна Гора со попатни паузи за одмор и царински формалности.

**2 ДЕН : 17/05/2025**

Пристигнување во Црна гора во утринските часови. Пауза во Подгорица -трговски центар Делта Сити каде има можност за кафе, појадок и шопинг. Во пладневните часови продолжуваме кон Манастирот Свети Василие Острошки и факултативен разглед на Долниот Манастир каде се наоѓа манастирот посветен на Св. Троица и црквата посветена на Светиот маченик Станко, овчар од селото Подвраќе кај Даниловград, на кого му се пресечени рацете и е погубен од Турците во 1712 година. По желба искачување пешки или со локален минибус до Горниот Манастир. Поклонение на моштите на Светителот. Вечерната служба почнува во 17 часот. Посетителите кои ноќеваат во Долниот конак, до 21-22 часот потребно е да се сместат во собите во конакот каде ќе преноќат.

**3 ДЕН : 18/05/2025**
Недела наутро присуство на Литургијата во Горниот манастир, која вообичаено се одржува од 06:00 до 07:30. ВоДолниот Манастир литургијата започнува во 08:00 ч. Средба на целата група во 09:30ч.Заминување кон Будва. Слободно време за плажа или прошетка по Словенска Плажа, Стариот Град и кафе и ручек.Во 14ч поагање за Гевгелија.Пристигнување во доцните вечерничасови.

## Цена на аранжманот: 2400 мкд !!!

**Аранжманот вклучува:**
1. Превоз со минибус/автобус

1. Ноќевање во Горниот конак или манастирскиот двор

**Во цената не е вклучено:**
1. Ноќевање во Долниот конак 5 еур (се плаќа во конакот)
2. Туристичка такса во Острог 1 евро
3. Превоз (по избор) со локален минибус од Долниот до Горниот Манастир по цена од 1/2 еур за лице во правец.

3. Патничко осигурување

**МОЖЕ ДА СЕ ПАТУВА САМО СО ЛИЧНА КАРТА ! ! !**

**Дополнителни информации:**
Потребно е да се понесе храна за време на патувањето
- Можност за ручек во ресторан во близина на Долниот манастир
- Можност за ручек во Будва и трговскиот центар Делта во Подгорица

Во манастирот се влегува пристојно облечен; мажите во долги панталони, блузи или кошули со ракави, а жените би требало да бидат облечени во здолниште (сукња) со пристојни блузи со ракави и по можност да имаат марама на главата